**ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 163. Дата: 11. 02. 2013.**

## Црното и белото куче



Една стара, индијанска приказна зборува за индијанец кој имал проблеми со својот карактер; постојано влегувал во расправии, се коцкал, пиел „огнена вода“ и ја тепал својата „скво“. Кога веќе работите излегле од контрола и неговиот живот станал неподнослив, го посоветувале да побара помош од еден мудар поглавица, кој живеел во соседното село.

Следното утро, индијанецот го посетил мудриот поглавица. Тој го ислушал неговиот проблем и го одвел на сред село, каде што се подготвувала борба со кучиња. Во кафезот имало едно црно и едно бело куче. Поглавицата го прашал индијанецот: „Кое куче би сакал да победи?“ Индијанецот му одговорил дека ќе навива за белото куче. Веднаш потоа, поглавицата се упатил кон кучињата и му дал храна и вода на црното куче, а белото го оставил да гладува. Така направил и после неколку часа. Конечно, кога дошло времето да започне борбата, ги пуштиле кучињата и за кратко време, црното куче победило.



Индијанецот приговорил: „Борбата беше неправедна, бидејќи црното куче беше хрането постојано, а белото беше оставено жедно и гладно. Па според тоа, нормално е дека белото куче ќе загуби“.

На ова, мудриот поглавица се насмевнал и му одговорил:

„Јас токму на оваа лекција сакав да те научам. Во секој човек живеат две кучиња; црно и бело. Па дури и во тебе. Но кое куче ќе победува, зависи од тоа кое куче ти ќе го храниш. Ако постојано го храниш црното куче, не очекувај да победи белото“.

Библијата не зборува за црно и бело куче, но зборува за две природи, кои живеат во нас; старата грешна природа и новата, која ја имаме преку Светиот Дух. Ние треба да ја оставиме старата природа (нашите грешни страсти) да гладува, а новата природа да ја храниме постојано (читајќи ја Библијата, молејќи се постојано, посетувајќи христијански богослужби). Само така ќе имаме победоносен, христијански живот и Христолик карактер.

Во Галатјаните 5:24, стои запишано. *„А оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти“*. Со други зборови „го оставија црното куче да гладува“.

**А ШТО Е СО ТЕБЕ? КОЕ КУЧЕ ТИ ГО ХРАНИШ СЕКОЈДНЕВНО?**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**